Коста АЏИЕВСКИ

# МАКЕДОНИЈА ВО ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ФОРМИРАЊЕТО НА ЛАТИНСКОТО ЦАРСТВО (1204—1207)

На 13 април 1204 година крстоносците од Четвртата крстоносна војна го освоија Цариград. Со тоа, за нешто повеќе од педесет години престана да постои Византиското царство. На териториите на бившата византиска држава беа создадени низа нови латински и грчки држави. Во бившите византиски територии во Мала Азија и Европа беа создадени две нови грчки држави; Никејското царство и Епирската држава. Веднаш по паѓањето на Византија западните освојувачи формираа со центар во Цариград свое Латинско царство. Во европските територии на бившата византиска држава, набрзо по формирањето на Латинското царство, учесниците во Четвртата крстоносна војна формираа уште една државна творба со центар во најголемиот македонски град Солун. Во нашето натамошно изложување поопстојно ќе се задржиме на настаните кои доведоа до формирање на крстоносна држава со центар во Македонија и на нејзините односи со бугарската држава во времето на Калојан.

## Воспоставување латинска власт во Македонија и формирање крстоносна држава со центар во Солун

По формирањето на Латинското царство во Цариград биле спроведени избори за цар на новото царство. На царскиот престол претендирале двајца главни кандидати: маркизот Бонифацие од Монферат, главен водач на крстоносците, и фландрискиот гроф Балдуин. Иако сè одело во прилог на Бонифацие Монфератски, венецијанскиот дужд Енрико Дандоло, кому не му одговарало на престолот да дојде една таква снажна и маркантна личност, успеал да го спроведе изборот на грофот Балдуин Фландриски[1]. Свеченото крунисување било извршено на 16 мај 1204 година во црквата Света Софија[2].

---

[1] Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, стр. 396.

[2] G. Villehardouin, La conquête de Constantinople II, éditée et traduite par E. Faral, Paris 1939., 60—70, par. 256—263; R. Clari, La conquête de Constantinople, traduit par P. Charlot, Paris 1939, pp. 199—207.

Уште пред да биде спроведен изборот за цар, со посредство на венецијанскиот дужд, меѓу двајцата кандидати за царската титула бил склопен договор. Договорот предвидувал кандидатот којшто не ќе биде избран за цар да добие дел од бившите византиски територии во Мала Азија[3]. Маркизот Бонифацие Монфератски сметал дека ќе биде сигурно избран за цар па затоа, најверојатно, и се согласил со ваквите услови. Меѓутоа, кога неговата кандидатура била одбиена и за латински цар избран грофорт Балдуин, тој и не помислувал да постапи според одредбите на договорот и да оди во Мала Азија. За него многу попривлечни биле византиските поседи на Балканот, зашто тука можел полесно да ги оствари своите политички амбиции, чија крајна цел била формирање на силна држава, која би била независна од Цариград[4]. Затоа, како што не известува историчарот на Четвртата крстоносна војна Жофруа де Вилардуен, маркизот побарал од латинскиот цар наместо териториите во Мала Азија да му го даде le roialme de Salo nique бидејќи тука би бил поблиску до унгарскиот крал, чија сестра била негова жена.[5]

Имено, во склад со своите политички амбиции, Бонифацие Монфератски уште пред крунисувањето на грофот Балдуин за цар ја зел за жена Марија, бившата византиска царица, жена на византискиот император Исак II Ангел и сестра на унгарскиот крал Емерих[6]. Оваа роднинска врска Бонифацие Монфератски сакал да ја искористи што е можно подобро. Во Солун би бил поблизу до Унгарија, која би му била цврст потпор во остварувањето на неговите амбициозни планови. Освен тоа во Солун би бил поблизу и до својата татковина од каде што, ако затреба, брзо би му стигнала помош.

Меѓутоа, свои сметки и планови во врска со Солун и Македонија имал и латинскиот цар. Затоа во почетокот не сакал да ја исполни молбата на маркизот од Монферат. Дури по долги преговори и наговарања латинскиот цар попуштил и, наместо територии во Мала Азија, му го доделил на Бонифацие Монфератски „солунското кралство“. Притоа Бонифацие Монфератски му положил на латинскиот цар вазална заклетва[7].

И покрај ваквиот развој на настаните прашањето околу поседувањето на најголемиот македонски град сè уште не било конечно

---

[3] E. Gerland, Geschichte des Lateinischnen Kaiserreiches von Konstantinopel I, Homburg v. d. Höhe 1905, 20; J. Longnon, L'Empire latin de Constantinople et la Principauté de Morée, Paris 1949, 58.

[4] За обемот на политичките амбиции на маркизот од Монферат види Б. Ферјанчић, Почеци солунске краљевине (1204—1209), Зборник радова Византолошког института, VIII/2 (1964), 101—115.

[5] Villehardouin II, 70, par. 264. Тоа што меѓу сите византиски територии на Балканот Бонифацие Монфератски го барал токму „солунското кралство“ се објаснува и со фактотт дека неговата фамилија, заради сродство со династијата на Комнените, уште од порано имала свои интереси и претензии во Византија и тоа особено во поглед на Солун. Сп. Ферјанчић, Почеци..., 101 и бел. 1.

[6] Villehardouin II, 68, par. 262.

[7] Ibid.. 70—71, par. 265; Ферјанчић, Почеци...., 110.

решено. Латинскиот цар Балдуин Фландриски, кој ја дал својата согласност највероjатно под притисок на венецијанскиот дужд и останатите високи барони, не се откажал од своите претензии кон Солун и Македонија. Заради тоа и не мислел да се придржува кон ветувањето што му го дал на маркизот во врска со Солун. Ваквиот став на латинскиот цар, како што ќе видиме подолу, ќе предизвика отворен судир меѓу двајцата највидни водачи на крстоносците.

Летото 1204 година Латините го започнале освојувањето на останатите византиски градови и територии. Прв од Цариград со војска излегол Хенрих, братот на латинскиот цар. Тој го започнал освојувањето на Тракија и брзо стигнал до Адријанопол. Тука со својата војска му се придружил и латинскиот цар. Ненадејно од Адријанопол латинскиот цар со сета своја војска се упатил на запад кон Македонија. Откога ги зазел сите попатни градови стигнал до Мосинопол, којшто исто така ја признал неговата власт[8]. Мосинопол се наоѓал на реката Места и всушност бил најисточен град на „солунското кралство", кое малку пред тоа латинскиот цар му го доделил на Бонифацие Монфератски[9]. Заради ваквиот развој на настаните Бонифацие Монфератски побрзал да се состане со латинскиот цар. Состанокот се одржал во Мосинопол и притоа Бонифацие Монфератски барал од латинскиот цар да ги исполни дадените ветувања. Бонифацие исто така го известил царот дека според вестите што ги добил од Солун тамошните луѓе радо го примале за свој господар и го молел царот да се откаже до планираниот поход на запад, а освојувањето на териториите што му ги доделил да му го препушти нему. Притоа Бонифацие Монфератски предупредил дека ако латинскиот цар сепак тргне кон Солун, тој ќе се одвои од него и нема да му се придружи[10]. Наместо походот на запад Бонифацие му предложил на латинскиот цар заедно да тргнат против бугарскиот цар Калојан, кој неправедно држел голем дел од земјата.[11]

Овој предлог на маркизот од Монферат бил сосема на место. Бугарија во тоа време се наоѓала во војна со Унгарија и тоа било навистина поволна прилика за напад и освојување на оние западно-византиски територии, односно на оние делови на Македонија, кои една година порано ја признале бугарската власт. Имено, бугарскиот цар Калојан ја искористил ситуацијата што настанала во Византија со доаѓањето на крстоносците пред Цариград и во 1203 година ја освоил Северна и голем дел од Западна Македонија со градовите Скопје, Охрид и Бер[12]. Меѓутоа, латинскиот цар не го прифатил предлогот за напад на Бугарија. За него во тој момент многу поголемо значење имал започнатиот поход на запад и, не осврнувајќи се на молбите на Бонифацие

---

[8] Villehardouin II, 76—78, par. 269; 80—82, par. 272—274.

[9] Villehardouin II, 308—309, par. 495; Longnon, Empire, 59.

[10] Villehardouin II, 82—86, par. 3275—277.

[11] Ibid., 84, par. 276.

[12] К. Јиречек — Ј. Радонић, Историја Срба I, Београд 1952, 146; В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове III, София 1972, 171 сл.

Монфератски, продолжил кон Солун[13]. Ваквиот развој на настаните предизвикал раздор меѓу Латините и довел до избувнување на отворен судир помеѓу латинскиот цар Балдуин Фландриски и маркизот Бонифациe Монфератски.

На патот кон Солун од Мосинопол латинскиот цар се упатил кон морето и без борба го освоил Христопол. Оттука латинската војска се упатила кон северозапад. Најнапред била освоена силната тврдина Бланш, а потоа и градот Сер. На тој начин, речиси без никаков отпор, војската на латинскиот цар дошла до ѕидиниte на Солун[14]. Најголемиот македонски град им оставил силен впечаток на западните освојувачи. Според зборовите на споменатиот Вилардуен тој бил еден од најубавите и најбогати градови на христијанскиот свет во тоа време(. . . la ville, qui ere une des meillores et des plus riches de la crestienté a la sel jor)[15] Солун не му се предал веднаш на латинскиот цар. Започнале преговори во кои солунчаните барале гаранција дека Латините ќе им ги признат и дека ќе ги почитуваат правата и привилегиите што ги имале во византиската држава. Третиот ден од преговорите латинскиот цар ги прифатил барањата на солунчаните. За таа цел издал повелба со која им ги потврдил старите права и привилегии на граѓаните, кои веднаш потоа го пуштиле внатре и му го предале градот[16].

Во меѓувреме Бонифациe Монфератски започнал да ги освојува градовите во Тракија, кои малку пред тоа ја признале власта на латинскиот цар· Со себе ги водел жена си, бившата византиска царица, и нејзиниот син Манојло, што многу му помогнало во придобивање на Грците на своја страна во борбата против латинскиот цар. Најнапред ја опсадил Димотика и благодарение на помошта на Грците од градот успеал лесно да ја освои[17]. Веднаш потоа, придружен од голем број Грци, Бонифациe Монфератски го опсадил Адријанопол, каде што латинскиот цар, пред да замине на запад, оставил своја посада. Опсадените од градот успеале да испратат пратеници во Цариград за да го известат венецијанскиот дужд и другите високи барони за судирот меѓу латинскиот цар и Бонифациe Монфератски. Веста за судирот меѓу двајцата највидни латински водачи предизвикала голема вознемиреност меѓу крстоносците во Цариград, бидејќи постоела опасност да пропаднат сите успеси и освојувања што дотогаш ги постигнале. Заради тоа во логорот на Бонифациe Монфератски бил испратен историчарот Жофруа де Вилардуен, кој бил познат по добрите односи со маркизот[18]. Вилардуен успешно ја извршил задачата што му била до-

[13] Villehardouin II, 84—86, par. 277.

[14] Ibid., 88, par. 280.

[15] Ibid., 88, par. 280.

[16] Ibid., 88, par. 280; Clari, 216; Gerland, Lat. Kaiserreich, 24; Longnon, Empire, 60.

[17] Villehardouin II, 87, par. 279.

[18] Ibid., 90—92, par. 281—283.

верена. Бонифације Монфератски се согласил да ја крене опсадата на Адријанопол и се повлекол во Димотика[19].

Во исто време, поточно на 12 август 1204 година, пред Адријанопол се одржал и еден состанок помеѓу претставници на Венецијанската република и маркизот Бонифације Монфератски. Притоа бил потпишан и договор според кој маркизот од Монферат ѝ го отстапил на Венеција островот Крит, што го добил од бившиот византиски цар Алексие IV Ангел, а во замена добил територии во европскиот дел на бившата византиска држава[20]. Иако во договорот не е точно прецизирано за кои територии станува збор, Герланд со право претпоставува дека всушност со овој догодор на Бонифације Монфератски му бил загарантиран Солун[21].

Вестите за активноста на Бонифације Монфератски во Тракија го принудиле латинскиот цар брзо да реагира. Во Солун го оставил да управува Рене од Монс, а тој со војската, која била десеткувана од маларијата што ја зафатила пред Солун, побрзал назад кон Цариград. Под влијание на бароните од неговата придружба латинскиот цар бил цврсто решен по секоја цена да му се освети на Бонифације Монфератски. Меѓутоа, до директен судир меѓу двете латински војски сепак не дошло. На патот кон исток латинскиот цар го пресретнале пратеници од Цариград, го известиле за новонастанатата ситуација и му ставиле до знаење дека венецијанскиот дужд и бароните што се наоѓаат во престолнината во никој случај нема да дозволат да дојде до војна со Бонифације Монфератски[22]. Ваквиот став на Енрико Дандоло и на високите барони ги нарушил плановите на латинскиот цар. Откога се посоветувал со бароните од својата придружба тој го отфрлил посредништвото на крстоносците од Цариград, меѓутоа, не сакајќи да го навлече на себе нивното непријателство, сепак ветил дека ќе дојде во Цариград без да преземе било каква акција на воен план против Бонифације Монфератски. Набрзо по враќањето во престолнината, под притисок на Енрико Дандоло и на останатите високи барони, латинскиот цар се согласил да се смири со Бонифације Монфератски. Маркизот бил повикан во Цариград и на едно заедничко советување било извршено помирувањето на двајцата највидни водачи на крстоносците. Притоа, Солун му бил повторно доделен на Бонифације Монфератски, а Димотика му била дадена на Вилардуен, кој требало да му ја предаде на латинскиот цар штом ќе добиел известување од Бонифације Монфератски дека завладеал со Солун[23]. Веднаш потоа Бонифације Монфератски со својата војска се упатил на запад кон териториите што му биле доделени. Го придружувале пратеници на импе-

[19] Ibid., 92—96; par. 284—287.

[20] G. L. F. Tafel — G. M. Thomas, Urkunden zur älteren Handels-und Staatsgeschichte der Republik Venedig I, Wien, 1856, pp. 512—515.

[21] Gerland, Lat. Katserreich, 25sq.

[22] Villehardouin II, 96—102, par. 288—293.

[23] Ibid., 102—107, par. 294—299;

раторот, кои требало да му овозможат непречено освојување на територииte што му биле доделени, а кои, како што видовме погоре, малку пред тоа ја признале власта на латинскиот цар. На тој начин без никакви тешкотии на Бонифацие Монфератски му се предале сите градови на патот кон Солун, кои претходно ја признале власта на императорот Неговата власт ја признал исто така и градот Солун, каде што во меѓу. време умрел царскиот заповедник, споменатиот Рене од Монс[24].

Така завршила оваа борба за власт помеѓу латинскиот цар Балдуин Фландриски и маркизот Бонифацие Монфератски. Судирот избувнал, како што видовме, околу прашањето за поседување на Солун. Овој најголем македонски град, како и самата Македонија, имал извонредна стратегиска местоположба на Балканскиот Полуостров[25]. Тоа го сфатиле уште од самиот почеток и западните освојувачи и не е случајно што токму по прашањето околу поседувањето на Солун и Македонија дошло до судир на интересите и избувнување на отворени непријателства помеѓу двајцата најсилни и највлијателни водачи на Четвртата крстоносна војна. Под притисок на венецијанскиот дужд Енрико Дандоло и дел од високите барони., латинскиот цар Балдуин Фландриски на крајот бил принуден, во интерес на општите латински интереси, да се откаже од Солун и Македонија и да му ги препушти конечно овие територии на маркизот Бонифацие Монфератски. На тој начин на територијата на Македонија со центар во Солун крстоносците формирале државна творба од западен тип на чие чело се наоѓал главниот водач на Четвртата крстоносна војна, маркизот Бонифацие Монфератски[26].

---

[24] Villehardouin II, 108, par. 300; Gerland., Lat. Kaiserreich, 28; Longnon Empire, 60sq.

[25] За местото и улогата на Македонија во балканската историја нашиот познат византолог Г. Острогорски вели: Најголем дел од својата средновековна па и понова историја Македонија живеела под власта на други. Освен во херојската епоха на Самоиловото царство, таа не знаела за сопствена државана организација. Но и покрај тоа, во историјата на Балканскиот Полуостров оваа средишна земја зазема извонредно значајно место. Околу неа постојано се грабале соседните посилни и посредени држави. И по правило превласт на Балканот имала онаа од нив која владеела со Македонија. Сп. Г. Острогорски, Византија и Јужни Словени, Сабрана дела Г. Острогорског, књ. IV (Византија и Словени), Београд 1970, 7—20 стр. 19.

[26] Во науката одамна беше прифатено мислењето дека крстоносната држава со центар во Солун имала статус на кралство и дека нејзиниот основач имал кралска титула. Меѓутоа, уште пред повеќе од петнаесет години Б. Ферјанчиќ успеа да докаже, врз основа на детална анализа на современите извори и документи, особено од папската канцеларија, дека во првите години од нејзиното постоење солунската крстоносна држава немала статус на кралство и дека нејзиниот основач Бонифацие Монфератски никогаш не бил крунисан за крал. Сп. Ферјанчиќ, Почеци. . . , 101—115. Но и покрај тоа што ваквото мислење денес е општоприфатено во науката, во македонската историографија старото мислење сè уште не е ревидирано. Сп. Историја на македонскиот народ, кн. I, Скопје 1969, стр. 183; Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX vera, Beograd 1975, стр. 59. Солунската крстоносна држава добила статус на кралство дури во почетокот на јануари 1209 година кога латинскиот цар Хенрих го крунисал во Солун за крал малолетниот Димитрие, син на Бонифацие Монфератски. Сп. H. de Valenciennes, Historia de l'empereur Henri de Constantinople, ed. J. Longnon. Paris 1948, 79, par, 605.

Во првите години од нејзиното дваесетгодишно постоење во составот на солунската латинска држава влегувале речиси сите бивши византиски владееења на Балканот. На југ нејзината власт се протегала до Пелопонез и ја зафаќала речиси цела Грција (освен западниот дел). Покрај Грција солунската крстоносна држава зафаќала и голем дел од Македонија. Што се однесува до Македонија, во овој период (крај на 1204 година), според податоците што ги дава византискиот историчар Никита Хонијат, власта на латинските завојувачи на запад се протегала до градот Бер, кого што Бонифацие Монфератски го освоил од Бугарите набрзо по освојувањето на Солун, пред да тргне во поход на југ кон Тесалија. Во исто време, како што известува истиот извор, власта на солунскиот владетел ја признал и градот Сер[27]. Тој бил всушност најсеверен град во Источна Македонија за кого сигурно знаеме дека влегувал во составот на латинската крстоносна држава со центар во Солун.

## Борбите на крстоносците од Солун со Бугарите за превласт во Македонија

Основањето на крстоносна држава со центар во Солун ги засегнало во голема мера интересите и дамнешните претензии на бугарската држава кон Македонија. Бугарите иако веќе држеле еден дел од Македонија, не сакале да се помират со постојната состојба. Заради тоа набрзо по основањето, крстоносната држава во Македонија станала постојана цел на бугарските напади. Бугарите неколку пати упаѓале во Македонија. Предводени од царот Калојан (1197—1207) тие опасно ја загрозувале сигурноста на Солунската држава пустошејќи ја поблиската и подалечната околина на Солун, кој бил главна цел на нивните напади.

Почетокот на бугарските напади на крстоносната држава во Солун е тесно поврзан со востанието на Грците во Тракија во почетокот на 1205 година. Имено, грчкото племство во Тракија, незадоволно од западните освојувачи, кои ја одбиле неговата понуда за соработка, кренало востание против латинската власт. Во борба против Латините на помош го повикале бугарскиот цар Калојан нудејќи му царска круна и ставајќи се во негова служба[28]. Калојан ја прифатил понудата на тракиското племство сметајќи дека со помош на Грците полесно ќе ја запре латинската експанзија на Балканот и ќе отвори пат за остварување на неговите планови за ликвидирање на крстоносната држава во Солун и припојување на Македонија кон бугарската држава.

Востанието започнало во февруари 1205 година во Димотика, а оттука брзо се проширило и во останатите градови на Тракија. Латинските гарнизони во тракиските градови биле истепани или натерани

---

[27] N. Chontaiae historia, ed. I. Bekkerus, Bonae 1835, 794, 17—32.
[28] Острогорски, Историја, 400.

во бегство[29]. Латините ги зафатила паника. Не чекајќи да се врати сета нивна војска од Мала Азија тргнале против востаниците. Во исто време, за да им помогне на сојузниците, со голема бугарско-куманска војска во Тракија навлегол и бугарскиот цар Калојан. Истата година на 14 април кај Адријанопол се одиграла решавачката битка меѓу војските на Калојан и на латинскиот цар. Притоа, брзата куманска коњица го нападнала латинскиот логор и симулирајќи бегство ја вовлекла латинската војска во заседа. Латините претрпеле страшен пораз. На бојното поле останале голем број латински рицари, а латинскиот цар Балдуин Фландриски бил одведен во бугарско заробеништво[30]. Поразот кај Адријанопол преставувал тежок удар за младото Латинско царство. Само по една година од неговото оснивање тоа било разнишано од темел.

Во овој бугарско-латински судир не учествувал господарот на солунската држава, Бонифацие Монфератски. Тоа било секако последица на поранешните несогласувања и отворениот судир на Бонифацие со царот Балдуин. Меѓутоа, поразот на латинската војска кај Адријанопол се одразил и на ситуцаијата во Македонија, која сега станала мета на постојани бугарски напади. Востанието на тракиското племство Бугарите го искористиле за обновување на старите претензии кон Македонија и нејзиниот најголем град Солун.

Најверојатно, во исто време кога Калојан навлегол во Тракија (март 1205 год.) бугарскиот заповедник на Просек по име Ецисмен (Ετζυϊσμένος), според известувањето на споменатиот византиски историчар Никита Хонијат, го нападнал Солун[31]. Нападот бил секако во склоп со главниот напад под водство на Калојан, а имал за цел да ги спречи Латините од Солун да му испратат помош на латинскиот цар во Тракија. Нападот на Солун бил извршен во времето кога Бонифацие Монфератски се наоѓал далеку на југ во Грција и бил зафатен со освојувањето на Коринт. Со помош на жителите од градот кои се побуниле против латинската власт, Бугарите успеале за кратко да го освојат градот. Латинскиот гарнизон на чело со Марија, жената на Бонифацие Монфератски, се повлекол во градската тврдина. Штом дознал за нападот Бонифациие брзо се упатил кон Солун. Меѓутоа, пред да стигне во градот бил известен дека бугарскиот напад сепак е одбиен, а бунтот на населението задушен. Тогаш, според известувањето на Хонијат, кој е единствен извор за овој бугарски напад на Солун, господарот на Солун за да му се освети на Калојан решил да тргне на Скопје. Меѓутоа, веста за заробувањето на латинскиот цар Балдуин и за смртта на голем број видни барони, меѓу кои и на грофот Луј од Блуа, во битката кај Адријанопол го принудиле да се откаже од планираниот поход кон север

[29] Villehardouin II, 144—150, par. 335—339.

[30] Ibid., 158—170, par. 349—361; Clari, 320sq; Gerland, Lat. Kaiserreich, 46sg; Longnon, Empire, 77sg.; Златарски, История III, 224 сл.

[31] Choniates, 818, 7—9.

и да се врати во Солун.[32] Бунтот на солунчаните бил свирепо задушен. Голем број од жителите на градот биле убиени или протерани, а нивните имоти конфискувани[33]. Меѓу другите жртви на латинската освета станал и хартофилаксот на солунската митрополија[34], што говори за значајниот удел на црквата во бунтот против латинската власт.

По битката кај Адријанопол бугарско-куманската војска палејќи и пљачкајќи сé пред себе ја прокрстосала цела Тракија и дошла до ѕидините на Цариград. Меѓутоа, самиот град Калојан не се осмелил да го нападне. Заради настапувањето на летните горештини Куманите набрзо се повлекле во своите краишта, а Калојан, како што нè известува Вилардуен, со војска составена од Бугари и Грци се упатил на запад против господарот на Солун[35].

На патот кон Солун прв на ударот на бугарскиот цар бил градот Сер. Тука Бонифацие Монфератски оставил многу јак гарнизон на чело со Хуго де Колеми, како главен заповедник на градот. Латинската посада храбро ги одбивала нападите на далеку побројниот непријател. Меѓутоа, на крајот Калојан сепак успеал да го освои градот, а во борбата загинал и неговиот главен заповедник, спомнатиот Хуго де Колеми[36]. Остатокот од латинкиот гарнизон опколен од непријателот се повлекол во силната градска тврдина, надевајќи се дека ќе му пристигне помош од Солун. Меѓутоа надежите на опсадените Латини не се обистиниле, па затоа тие му предложиле на Калојан да започнат преговори за предавање на градот. Бугарскиот цар ги прифатил предложените преговори и се согласил со условите за предавање што ги предложиле опсадените Латини. Имено, тие изразиле спремност да ја напуштат градската тврдина под услов да им биде дозволено, заедно со коњите и оружјето, слободно да заминат од градот. Под тие услови латинската посада ја напуштила градската тврдина и му го предала Сер на бугарскиот цар. Меѓутоа, Калојан ги изиграл Латините и не ги исполнил дадените ветувања за слободно заминување од градот. Најнапред им одзел сé што имале вредно при себе, а потоа едни испратил во заробеништво во Бугарија, бедните и оние кои не вределе ништо ги испратил во Унгарија, а наповидните Латини, односно на оние кои нешто вределе, наредил да им се исечат главите. Откако наредил да се разурне градот и градската тврдина бугарскиот цар продолжил со својата војска на запад кон Солун[37]. Во меѓувреме, ако можеме да му веруваме на Никита Хонијат, Бонифацие Монфератски известен за бугарскоиот напад на Сер им испратил помош

---

[32] Ibid., 818, 9—21; Златарски, История III, 231 сл.; G. Prinzing, Bedeutung Bulgariens u. Serbiens in den Jahren 1204—1219 im Zusammenhang mit der Entstehung und Entwicklung der Einnahme Konstantinopels infolge des 4. Kreuzzuges, München 1972, 50

[33] Choniates, 819, 1—4; Prinzing, Bedeutung Bulgariens u. Serbiens, 50sq.

[34] Prinzing, Bedeutung Bulgariens u. Serbiens, 51. Цитирано според Принцинг бидејќи најновото издание на Никита Хонијат, што го приреди J. L. van Dieten не ни е достапно.

[35] Villehardouin II, 194—198, par. 386—389.

[36] Ibid., 202, par. 392.

[37] Ibid., 202—204, par. 393—394; Златарски, История, III, 231; Longnon, Empire, 82.

на своите соплеменици, не знаејќи притоа дека градот веќе паднал во рацете на непријателот. На патот кон Сер латинскиот одред бил пресретнат од Бугарите и разбиен[38].

Калојан со својата војска се приближил до Солун, меѓутоа самиот град сепак не се осмелил да го нападне. Се задоволил единствено со пљачкање и пустошење на околните области и градови на Македонија Во својот пљачкашки поход бугарскиот цар стигнал до Бер, а Бонифацие Монфератски се затворил во Солун и не се обидел отворено да му се спротистави[39]. За среќа на Латините кон крајот на летото 1205 година Калојан ја напуштил опустошената Македонија и се вратил во својата земја.

По повлекувањето на бугарската војска од Македонија Бонифацие Монфератски презел низа мерки со цел по подготвено да го дочека евентуало новиот напад на непријателот. Во таа смисла повторно го утврдил разрушениот Сер, а ја опкружил со ѕид и Драма. Сите околни територии сега повторно ја признале власта на господарот на Солун, кој во тие краеви ја поминал и зимата[40]. Бонифацие Монфератски бил свесен дека сам не ќе може да ги запре бугарските напади од север, па затоа започнал да размислува за евентуално зближување и сојуз со Латините од Цариград за заедничка борба против Бугарите.

Во почетокот на 1206 година Калојан повторно навлегол во Тракија. Неговата војска составена од Бугари и Кумани рушела и пљачкала сѐ пред себе не поштедувајќи ги притоа ниту своите сојузници, Грците. Заради тоа сојузот на тракиските градови со Калојана бил раскинат. Бугарскиот цар ги нападнал своите довчерашни сојузници, кои сега побарале помош од Латините во Цариград. Во почетокот на летото истата година регентот на Латинското царство ,баратот на Балдуин Хенрих, се упатил во Тракија за да им помогне на тракиските градови во борбата против бугарскиот цар Дознавајќи за доаѓањето на латинската војска Калојан ја напуштил Тракија и се повлекол во Бугарија.[41] Латинската војска продолжила да го гони непријателот. Меѓутоа, кога дошла до тврдината Стенимака, Рене де Три, несудениот господар на Пловдив, ги потврдил гласовите дека царот Балдуин умрел во заробеништво, па затоа бароните решиле да се вратат во Цариград за да го крунисаат Хенрих за цар. Крунисувањето било извршено на 20 август 1206 година[42].

Во текот на овие настани највератно започнале и преговорите за зближување и сојуз помеѓу Латините од Солун и од Цариград. Првите вести за тоа ги дава споменатиот Жофруа Вилардуен. Имено, тој известува дека есента 1206 година на латинскиот цар Хенрих (1206—1216) во Димотика му дошло пратеништво од господарот на солунската

---

[38] Choniates, 819, 8—19.
[39] Ibid., 819, 19—23; Villehardouin II, 208, par. 398; Златарски, История, III, 232.
[40] Villehardouin II, 270, par. 456.
[41] Ibid., 216—246, par, 404—432.
[42] Ibid., 246—256, par. 433—441; Clari, 232—233; Longnon, Empire, 87sqq.; Gerland. Lat. Kaiserreich, 94 sq.

држава. На чело на пратеништвото се наоѓал господарот на Атина Отон де ла Рош. Притоа, станало збор за женидбата на латинскиот цар со ќерката на Бонифацие Монферратски, која била договорена од порано. Отон де ла Рош го известил царот дека невестата стигнала од Ломбардија во Солун. Откога двете страни се согласиле со овој брак пратеништвото се вратило во Солун[43].

Бидејќи, како што видовме, на состанокот во Димотика се зборувало за женидбата која била договорена од порано, јасно е дека преговорите за помирување и зближување меѓу Латините од Солун и од Цариград започнале многу порано, пред есента 1206 година. Заради недостаток на изворни податоци не може попрецизно да се определи времето на започнувањето на преговорите. Од истите причини тешко е да се одговори и на прашањето од кого потекнала иницијативата за преговори. Секако дека и на двајцата владетели им било јасно дека треба да ги заборават поранешните несогласувања, зашто единствено со здружени сили можат да постигнат успех и да ги запрат бугарско-куманските напади. Но и покрај тоа сметаме дека иницијатива за започнување на преговорите за помирување и зближување дал господарот на солунската држава, кој, свесен за бугарската опасност му предлагал, како што видовме погоре, уште на царот Балдуин заеднички поход против Калојан. По поразот на латинската војска кај Адријанопол Бугарите станале главени непријатели и постојана опасност за латинските поседи во Македонија. Бонифацие Монферратски не бил во состојба сам да се справи со бугарската опасност, па затоа поминал преку поранешните несогласувања и им предложил на Латините во Цариград помирување и зближување, што тие со задоволство го прифатиле. Првиот чекор кон средување на односите меѓу Солун и Цариград бил бракот меѓу латинскиот цар и ќерката на Бонифацие Монферратски. Венчањето било свечено извршено во почетокот на февруари 1207 год. во црквата Св. Софија во Цариград[44].

Набрзо потоа дошло и до директен контакт меѓу двајцата владетели при што биле изработени и конкретни планови за заедничка борба против бугарскиот цар Калојан. Во почетокот на 1207 година Калојан ја искористил зафатеноста на Латините во Мала Азија во борбата против никејскиот владетел Теодор Ласкарис и повторно навлегол во Тракија. Латинскиот цар заклучил мир со Никејците и во почетокот на летото се упатил во Тракија. Во меѓувреме, откако се наполниле со пљачка, Куманите ја напуштиле Тракија. Калојан не се осмелил да остане сам па затоа ја напуштил опсадата на Адријанопол и се повлекол во својата земја не дочекувајќи го латинскиот цар, кој набрзо потоа пристигнал во Адријанопол[45].

---

[43] Villehardouin II, 264, par. 450.

[44] Ibid., 272, par. 458; Clari, 233; Gerland, Lat. Kaiserreich, 102; Longnon, Empire, 98; Ферјанчић, Почеци. . . , 112,.

[45] Villehardouin II, 276—304, par. 461—490.

Во текот на овие настани во Тракија, според пишувањето на Вилардуен, Бонифацие Монфератски дошол од Сер во Мосинопол. Оттука испратил пратеништво кај латинскиот цар со предлог да се состанат кај Кипсала на реката Марица. Латинскиот цар со радост го прифатил предлогот, па така во август 1207 година на договореното место дошло до средба меѓу двајцата владетели. Состанокот траел два дена и протекол во ведро расположение. Притоа господарот на солунската држава му положил на латинскиот цар вазална заклетва[46]. Со тоа бил ставен крај на големите политички амбиции на Бонифацие Монфератски за формирање на една силна држава независна од Цариград. Под притисок на бугарската опасност, која го натерала да бара измирување и зближивање со Цариград, тој бил принуден да му положи вазална заклетва на латинскиот цар[47]. На состанокот во Кипсала Бонифацие Монфератски му го доделил на историчарот Вилардуен во лено Мосинопол или Сер, да бира кој сака од овие два града. На тој начин Вилардуен, и покрај тоа што веќе бил вазал на латинскиот цар, станал и вазал на господарот на солунската држава. Тоа секако била награда за неговата улога при помирувањето и зближувањето на Латините од Солун и од Цариград[48]. На крајот од состанокот биле разработени плановите за заедничка борба против непријателот од север. Притоа било договорено кон крајот на октомври истата година двајцата владетели на чело на своите војски да се состанат кај Адријанопол и оттука со здружени сили да тргнат против бугарскиот цар Калојан. Потоа, задоволни од постигнатите резултати се раздвоиле. Латинскиот цар се упатил кон својата престолнина, а маркизот се вратил во Мосинопол[49].

Меѓутоа, планираниот поход против Бугарите никогаш не се остварил. Имено, неколку дена по враќањето во Мосинопол Бонифацие Монфератски по совет на Грците од градот презел еден поход во планинскиот предел на север од овој град, на оддалеченост нешто повеќе од еден ден јавање[50]. Не е јасна причината заради која бил преземен овој поход, бидејќи Вилардуен, којшто е единствен извор за него, за тоа не дава никакви податоци. Походот завршил катастрофално за господарот на солунската држава. При враќањето латинскиот одред попаднал во бугарска заседа. Гонејќи го непријателот, кој ја нападнал заштитницата на латинската војска Бонифацие Монфератски бил смртно ранет. Гледајќи дека му нема спас луѓето од неговата придружба се повлекле оставајќи го својот господар на милост и немилост на непријателот. Бугарите, по својот стар обичај, на мртвиот непријател му ја исекле главата и му ја испратиле на Калојан, за кого, според зборовите на Вилардуен, тоа била една од најголемите радости во животот. На тој

---

[46] Ibid., 308—310, par. 495—496.

[47] Ферјанчиќ, Почеци. . ., 112.

[48] Villehardouin II, 310, par. 496; Gerland. Lat. Kaiserreich, 116,; Longnon, Empire, 99.

[49] Villehardouin II, 312, par. 497.

[50] Ibid., 312, par. 498.

начин, во една битка од не така голема важност, на 4 септември 1207 година го завршил животот водачот на Четвртата крстоносна војна, основачот и господарот на крстоносната држава со центар во Солун, маркизот Бонифацие Монфератски[51].

Смртта на господарот на солунската држава преставувала голем и ненадоместлив губиток за сите Латини, а особено за крстоносната држава со центар во Солун. Со смртта на Бонифацие Монфератски солунската држава го загубила местото и улогата во поважните настани во овој дел на Балканскиот Полуостров и се претворила во држава со второстепено значење. Како таква таа ќе егзиститра сè до нејзиното потчинување од страна на епирскиот владетел Теодор II Ангел во 1224 година. Смртта на Бонифацие Монфератски била од големо значење и за натамошниот тек на историјата на Латинското царство, па затоа со неа и историчарот на Четвртата крстоносона војна, споменатиот Жофруа де Вилардуен, го завршил своето капитално дело.

Смртта на Бонифацие Монфератски на Бугарите им дала голема шанса конечно да ги остварат своите претензии кон Солун и Македонија. Набрзо по смртта на господарот на солунската држава, користејќи ја збунетоста на Латините, Калојан со голема војска навлегол во Македонија и го опсадил Солун. Во Солун Бонифацие Монфератски го наследил неговиот двегодишен син Димитрие, а со државата како регент управувала неговата мајка Марија. Во борбата против далеку понадмоќниот непријател шансите на Латините за успех биле сосема мали. Меѓутоа, Бугарите сепак не успеале да го освојат градот. Имено, ноќта пред решавачкиот напад, на 8 октомври 1207 година, Калојан бил во својот шатор убиен од заговорници. Неговата смрт од современиците, а и од подоцнежните генерации, била интерпретирана како чудо и му була припишувана на светецот Димитрие, заштитник на градот Солун[52].

Смртта на Калојан за Латините преставувала, во извесна мера, компензација за загубата што ја претрпеле со смртта на Бонифацие Монфератски. Со победата кај Адријанопол 1205 година, извојувана со помош на Куманите, Калојан го разнишал од телел младото Латинско царство и ја запрел латинската експанзија на Балканот. По неговата смрт за извесен период спласнале бугарските претензии кон Македонија, а Бугарија, како и солунската крстоносна држава, го загубила местото и улогата, што ги имала во настаните на Балканот за време на овој владетел.

---

[51] Ibid., 312—314, par. 498—499; Gerland, Lat. Kaiserreich, 116; Longnon, Empire, 99; Prinzing, Bedeutung Bulgariens u. Serbiens, 82; Златарски, История III, 251; Clari, 234 пишува дека Бонифацие Монфератски загинал во борба со Куманите и Бугарите пред Солун, што секако не одговара на вистината.

[52] Златарски, История, III, 252—269.

Kosta Adžievski

# MAKEDONIEN IN DEN ERSTEN JAHREN NACH DER GRÜNDUNG DES LATEINISCHEN KAISERREICHES (1204 — 1207)

Resümee)

Bald nach der Gründung des Lateinischen Kaiserreiches in Konstantinopel formierten die Kreuzfahrer des Vierten Kruezzuges noch einen Kreuzfahrerstaat, dessen Zentrum die grösste makedonische Stadt Thessalonikki war. Der Gründung des Kreuzfahrerstaates von Thessalonikki folgten eine Reihe von Schwierigkeiten, da es infolge der Okkupation von Thessalonikki zum Zusammenstoss zwischen dem flandrischen Grafen Balduin und dem Marquise Bonifatius Monferato kam. Durch Vermittlung des venezianischen Dogen Enrico Dandolo und anderer hochgestellter Barone wurde der Streit mit dem Ausgang geschlichtet, dass die Leitung von Thessalonikki dem Führer des Vierten Kreuzzuges, dem Marquise Bonifatius Monferato übertragen wurde. Damit wurde auf dem Gebiet von Makedonien, mit dem Zentrum Thessalonikki, eine Staatsform westlichen Typs geschaffen, die ganze zwanzig Jahre Bestand haben sollte.

Die Gründung des Kreuzfahrerstaates mit dem Zentrum in Thessalonikki bedrohte in grossem Masse die Interessen und damaligen Prätensionen des bulgarischen Staates gegenüber Makedonien. Deshalb wurde der Kreuzfahrerstaat auf dem Gebiet von Makedonien bald nach seiner Gründung das hauptsächliche Ziel der fortdauernden bulgarischen Überfälle. Die Bulgaren, die bereits einen Teil Makedoniens erobert hatten, fielen unter der Führung Kaiser Kalojans einige Male in Makedonien ein und verwüsteten die Umgebung von Thessalonikki, welches das eigentliche Ziel ihrer Überfälle war. Als Bonifatius Monferato im Jahre 1207 ums Leben kam, hatte es den Anschein, dass die Bulgaren nun endgültig Thessalonikki erobern würden. Doch dazu kam es nicht, weil in der Nachrt vor dem Hauptansturm auf die Stadt, im Oktober des Jahres 1207, Kalojan von Verschwörern in seinem Zelt umgebracht wurde.